**Известување за концентрација со која ИНФИНУМ д.о.о.Карловац, Хрватска, ќе стекне контрола над ЗП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДОО Гевгелија, Северна Македонија**
**(предмет бр. 08-130/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 02.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото **ИНФИНУМ д.о.о** со седиште во Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, има намера да стекне единствена контрола директно врз **Друштво за производство, трговија и услуги ЗП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДОО експорт-импорт Гевгелија,** со седиште на Железничка бр. 16А, Гевгелија, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Регистрираната примарна дејност на **ИНФИНУМ д.о.о.** е компјутерско програмирање.

Регистрираната примарна дејност на **ЗП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДОО експорт- импорт Гевгелија** е останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Подносителот смета дека како релевантен пазар на производи би можел да се дефинира пазар на услуги од информатичка технологија (IT).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

06.12.2021 година
Скопје